Врз основа на член 20-г од Закон за вработени во јавен сектор („Службен весник на РМ" бр.27/14 199/14, 27/16 и 35/18 и „Службен весник на РСМ" бр.143/19 и 14/20), член 22 став 1 точка 1, став 2, став 3 и став 4 и член 23 став 1 и став 2 од Закон за работни односи („Службен весник на Република Македонија" број 62/2005, 106/2008, 161/2008, 114/2009, 130/2009, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 и 120/18), член 77-г од Закон за култура („Службен весник на РМ" бр.31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18), Јавната општинска установа – Библиотека „Тане Георгиевски" – Куманово објавува

**ЈАВЕН ОГЛАС БРОЈ – 01/2026**

**за вработување на 1 (еден) давател на услуги во Јавна општинска установа – Библиотека "Тане Георгиевски" – Куманово**

За вработување на 1 (едно) лице – давател на услуги - Библиотекар на неопределено работно време во Јавната општинска установа – Библиотека „Тане Георгиевски" – Куманово за следното работно место:
1.Шифра КУЛ 03 04 Д03 001, ниво Д03, назив на работно место Библиотекар во Одделение за возрасни 1 (еден) извршител.

**Општи услови:**

- Да е државјанин на Република Северна Македонија,
- Активно да го користи македонскиот јазик,
- Да е полнолетен,
- Да има општа здравствена способност за работното место и
- Со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност.

**Посебни услови:**

- Да има завршено најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен,
- Вид на образование – Општествени науки,
- Работно искуство за ниво Д3 до една година.

Работно време е од понеделник до петок, 40 работни часови неделно, од 07:00 до 15:00 часот. Паричен нето износ на плата за работно место изнесува: 51.424,00 денари. Рокот за пријавување на кандидатите за јавниот оглас е 15 дена, не сметајќи го денот на објавувањето во дневен весник. Заинтересираните кандидати треба да достават Пријава за вработување со прилог потребна документација, оригинал или заверена кај нотар. Пријавите за вработување се пополнуваат на образец изготвен од страна на ЈОУ – Библиотека „Тане Георгиевски" – Куманово, во архива на библиотеката. Кандидатите пријавите и комплетната документација со која се докажува исполнувањето на условите од огласот треба да ја достават во хартиена форма до архивата на ЈОУ-Библиотека „Тане Георгиевски"-Куманово на адреса ул.„Народна револуција" бр.1 Куманово, со назнака „за јавен оглас бр.01/2026". Телефон за контакт: 031/413-443, лице за контакт: Марија Спасовска.

Изборот на кандидатот за вработување ќе се изврши согласно член 23 став 2 од Закон за работните односи,Законот за култура, Закон за вработени во јавен сектор, Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас и на пријавата за вработување, како и начинот на бодување во зависност од категоријата и нивото на работно место за кое е објавен јавниот оглас на ЈОУ – Библиотека „Тане Георгиевски" – Куманово и Одлуката за измена и дополнување на Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас и на пријавата за вработување, како и на начинот на бодување во зависност од категоријата и нивото на работно место за кое е објавен јавен оглас на библиотеката.

Ненавремена, нецелосна и некомплетна пријава и документација нема да биде предмет на разгледување од страна на Комисијата.